**Erasmus+ project KA229**

**IN HARMONY WITH NATURE**

**C1 -Short -term staff training events**

**CRETE-GREECE**

ПРВА МОБИЛНОСТ

Working sessions (Работни сесии)



Официјално запознавање со претставниците на партнерските училишта(Северна Македонија,Грција,Латвија.Италија и Полска).Разгледување на училиштето и запознавање со воспоитно -образовниот систем.



Посета на националниот парк „Псилоритис“ кој е на картата на UNESCKO Global Geo park. Таму учесниците присуствуваа на презентација и едукативна програма за гео паркот и структурата на карпите и теренот на Крит. Воедно беа демонстрирани карпи, сунѓери, камења типични за регионот,нивната дренажа и задржување на водата, која генерално е тешко да се акумулира.



“Giouchtas“ планината каде се проследи едукативно предавање од страна на стручни лица за тамошните растенија и животни и нивните ендемски видови. Тимовите се движеа во три групи по добро познатата Миноанска патека, која се смета за најстарата патека на Миноанците, првата цивилизација на Европа. Потоа следеше посета на селото “Archanes”



Посета на културно археолошко место  “Knosos” каде на тимови им беше организирана тура низ местото со предавач и беа запознаени со Миноанската цивилизација која датира од 1900 год пред нашата ера. По разгледување на археолошкото место, тимовите го посетија Археолошкиот музеј кој ги содржи сите пронајдоци од Миноанската Цивилизација. Целата посета на музејот беше водена од стручно лице, предавач која раскажуваше и дел од митологијата поврзана со пронајдоците, што беше многу интересно за учениците.



Посета на Природно Научен Музеј на Крит, каде учесниците на тимовите можеа да се запознаат со флората и фауната на островот. Со убава модерна технологија на големи лед екрани, дел модел макети а дел и во жива форма можеа да ги видат сите животни и растенија кои се наоѓаат на островот.

Потоа беше посетен и Музејот за Пронајдоци од период од 2 век пне. Преку предавањата се забележат дека законите на физика и математика кои ги применувале тогаш древните грци, наоѓаат примена и ден денес во современиот начин на живот.



Впечатоците од оваа мобилност се позитивни. Островот Крит со својата природна убавина и блага клима пружи одлична можност сите тимови да се запознаат со неговата флора и фауна,а притоа работилниците да се одвиваат во природа, што навистина соодветсвтуваше на проектот и претставуваше задоволстсво за сите. Нашите ученици со учество во овој проект ***“In Harmony***

***with Nature"*** го претставија нашето училиште „Петар Поп Арсов“ и нашата држава Северна Македонија во најдобро светло.

Изработил:Еразмус тим